Врз основа на член 8-а став (3) од Законот за управување со пакување и отпад од пакување ("Службен весник на Република Македонија" бр. 161/09, 17/11, 47/11, 136/11, 6/12 и 39/12), министерот за животна средина и просторно планирање донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА СТАНДАРДИТЕ ЗА БИОРАЗГРАДЛИВОСТ КОИ ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНУВААТ КЕСИТЕ ЗА ТРАНСПОРТ НА СТОКИ, НАЧИНОТ НА ПУШТАЊЕ И УПОТРЕБА НА БИОРАЗГРАДЛИВИТЕ КЕСИ ЗА ТРАНСПОРТ НА СТОКИ НА ПАЗАР

## Член 1

Со овој правилник се пропишуваат стандардите за биоразградливост кои треба да ги исполнуваат кесите за транспорт на стоки, начинот на пуштање и употреба на биоразградливите кеси за транспорт на стоки на пазар.

## Член 2

Стандардите за биоразградливост од член 4 на овој правилник се однесуваат на кеси за транспорт на стоки кои се наменети за употреба во продавници, магацини, складови, деловни простори, зелени пазари и посебни пазари каде што се врши трговија на мало на прехранбени производи, во продавници и киосци каде се врши трговија на мало на ситни производи за лична потрошувачка и во аптеките во кои се продаваат козметички производи.

## Член 3

Стандардите за биоразградливост од член 4 на овој правилник не се однесуваат на:

- пластичните кеси за транспорт на стоки на пазар кои се наменети да се употребуваат за производи од текстил, книги, канцелариски материјал, техничка стока, мебел, санитарии, железарии, лекови и помошни медицински производи, садови за домаќинство, сите видови обувки, детски играчки, спортска опрема и слична габаритна стока која не е предмет на секојдневна општа потрошувачка;
- пакувања (амбалажа) на производи и
- пластичните кеси кои се употребуваат за размерување и пакување на храна и прехранбени производи (зеленчук, овошје, месо, брашно и слични производи кои на барање на купувачот се размеруваат и пакуваат во помала количина).

## Член 4

(1) Кесите за транспорт на стоки кои се пуштаат и употребуваат на пазар, треба да го исполнат стандардот - МКС 1009 Методи за оцена на оксо-биоразградливост на пластика и фито-токсичноста на остатокот во контролирани лабораториски услови, или друг соодветен меѓународно признат стандард.

(2) Во поглед на еколошката токсичност кесите кои се пуштаат и употребуваат на пазар треба да го исполнат стандардот МКС EN 13432, Пакување – Барање за обнова на пакувањето преку компостирање и биодеградација – Шеми за тестирање и критериуми за оцена за крајно прифаќање на пакувањето, или друг соодветен меѓународно признат стандард.

(3) Министерството за животна средина и просторно планирање на својата веб страна ги објавува меѓународно признатите стандарди кои се соодветни на стандардите од став 1 и 2 на овој член.

Член 5

(1) Печатените кеси кои се пуштаат и употребуваат на пазар, треба да содржат текст кој ги информира потрошувачите:

- дека кесата е биоразградлива (самодекларативно тврдење на производителот за заштита на животната средина согласно стандардот МКС EN ISO 14021;
- називот на адитивот за биоразградливост кој е користен и
- месец и година на производство .

(2) За непечатените кеси кои се пуштаат и употребуваат на пазар, текстот од став (1) на овој член се испишува на примарното пакување од истите.

(3) Управителите на продавници, магацини, складови, деловни простори, зелени пазари и посебни пазари каде што се врши трговија на мало на прехранбени производи, кои ставаат во употреба биоразградливи кеси, треба на видно место во своите простории да истакнат известување дека кесите кои ги ставаат во употреба се биоразградливи кеси произведени соодветно пропишаните стандарди за биоразградливост.

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-11831/3

16 јануари 2013 година

Скопје

Министер за животна средина и

просторно планирање,

Абдилаќим Адеми, с.р.